-- О П Ш Т И Н А   Д Е Л Ч Е В О --
- ГРАДОНАЧАЛНИК -
Ул.“Методи Митевски-Брицо” бр.40, 2320 Делчево, Република Македонија
Тел/фах: 033/411-550, E-mail: info@delcevo.gov.mk
Web: www.delcevo.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Број 9
05.07. 2013 година

Излегува по потреба
Гласникот е бесплатен

Уредува:
Одделение за човечки ресурси,
Правни и општи работи

Јули, 2013

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 05.07.2013 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување акти од Четврта седница**
**на Советот на Општина Делчево**

Да се објават во „Службен гласник на Општина Делчево“ актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на Втората седница која се одржа на ден 01.07. 2013 година и тоа:

1. Заклучок за усвојување на Информацијата од координативниот состанок со субјектите од Системот за управување со кризи од општините Делчево и Македонска Каменица со Заклучок за усвојување;

2. Одлука за доделување на стипендии на ученици прогласени за првенци на генерацијата во општинските училишта;

3. Одлука за утврдување на приоритет на проект „Изградба на делница с. Стамер-с.Вирче;
4. Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата;
5. Одлука за утврдување на приоритет на проект „Изградба на улици во село Звегор‟;
6. Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата;
7. Одлука за утврдување на приоритет на проект Унапредување на велосипедска патека од с. Звегор до туристички локалитет Илин Камен‟;
8. Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата;
9. Одлука за формирање на Партиципативно тело од областа на урбанизмот на Општина Делчево;
10. Одлука за финансиска помош;

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 08- 1516/1**
**05.07. 2013 година**
**Д е л ч е в о**

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Градоначалник,**
**Дарко Шехтански, с.р.**

# -2-

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата Четврта седница, одржана на 01.07. 2013 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Информацијата**
**од координативниот состанок со субјектите**
**од Системот за управување со кризи од општините**
**Делчево и Македонска Каменица**

1. Се усвојува Информацијата од координативниот состанок со субјектите од Системот за управување со кризи од општините Делчево и Македонска Каменица.

2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 07-1480/1**
**01.07 2013 год.**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ" бр.5/05) и член 143 од Деловникот на Советот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.16/06), Советот на општина Делчево на својата Четврта седница одржана на ден 01.07.2013 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За доделување на стипендии на ученици прогласени за првенци на генерацијата во општинските училишта**

Член 1

Со оваа одлука се доделуваат стипендиии на ученици прогласени за првенци на генерацијата во учебната 2012/2013 година и тоа на:
1.Дарио Ѓорѓевски - првенец на генерација од СОУ „М.М.Брицо", Делчево
2.Мери Арсениевска - првенец на генерацијата од ООУ „Ванчо Прке", Делчево
3.Андреј Ивановски – првенец на генерацијата од ООУ „Св.Климент Охридски", Делчево

Член 2

Стипендијата учениците ќе ја добиваат 9(девет) месеци во текот на годината, со право на продолжување за наредната година доколку ги исполнуваат следните критериуми:
- одличен успех за учениците во средно образование
- просек 9,00 за студентот

Член 3

Износот на стипендијата изнесува 2000 денари/месечно, во траење од 4 години, по претходно исполнети критериуми.

Средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Делчево.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Бр.07-1481/1**
**01.07.13**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 143 став 2 од Деловникот на Советот на општина Делчево, Советот на општина Делчево на својата Четврта седница одржана на ден 01.07.2013 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За утврдување на приоритет на проект**
**„Изградба на делница с.Стамер-с.Град-с.Вирче**
**од локален пат Л13**

Член 1

Со оваа одлука се утврдува приоритет на проектот **„Изградба на делница с.Стамер-с.Град-с.Вирче од локален пат Л13 "** кој ќе се аплицира до Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој по Мерка 321 од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година: *Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини, односно инвестиции во локална патна инфраструктура(вклучително и мостови) за поврзување меѓу две или повеќе села во должина до 5км*.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен Гласник на општина Делчево".

**Бр.07-1482/1**
**01.07.13**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов, с.р.**

# -5-

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 143 став 2 од Деловникот на Советот на општина Делчево, Советот на општина Делчево на својата Четврта седница одржана на ден 01.07.2013 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање согласност за намената на инвестицијата**

Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Делчево дава согласност за намена на инвестицијата со цел реализација на проектот **„Изградба на делница с.Стамер-с.Град-с.Вирче од локален пат Л13 ".**

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен Гласник на општина Делчево".

**Бр.07-1483/1**
**01.07.13**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов, с.р.**

# -6-

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 143 став 2 од Деловникот на Советот на општина Делчево, Советот на општина Делчево на својата Четврта седница одржана на ден 01.07.2013 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За утврдување на приоритет на проект**
**„Изградба на улици во село Звегор"**

Член 1

Со оваа одлука се утврдува приоритет на проектот „**Изградба на улици во село Звегор"** за аплицирање до Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот разво по Мерка 322 од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година: *Обнова и развој на селата, односно инвестиции за изградба и/или реконструкција на селски улици(вклучително и атмосферска канализација и пешачки елементи) до 1км*.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен Гласник на општина Делчево".

**Бр.07-1484/1**
**01.07.13**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов, с.р.**

# -7-

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 143 став 2 од Деловникот на Советот на општина Делчево, Советот на општина Делчево на својата Четврта седница одржана на ден 01.07.2013 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање согласност за намената на инвестицијата**

Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Делчево дава согласност за намена на инвестицијата со цел реализација на проектот „**Изградба на улици во село Звегор".**

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен Гласник на општина Делчево".

**Бр.07-1485/1**
**01.07.13**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов, с.р.**

# -8-

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 143 став 2 од Деловникот на Советот на општина Делчево, Советот на општина Делчево на својата Четврта седница одржана на ден 01.07.2013 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За утврдување на приоритет на проект**
**Унапредување на велосипедска патека од с.Звегор до туристички локалитет Илин камен"**

Член 1

Со оваа одлука се утврдува приоритет на проектот „**Унапредување на велосипедска патека од с.Звегор до туристички локалитет Илин камен"** за аплицирање до Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој по Мерка 323 од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година: Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен Гласник на општина Делчево".

**Бр.07-1486/1**
**01.07.13**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов, с.р.**

# -9-

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 143 став 2 од Деловникот на Советот на општина Делчево, Советот на општина Делчево на својата Четврта седница одржана на ден 01.07.2013 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање согласност за намената на инвестицијата**

Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Делчево дава согласност за намена на инвестицијата со цел реализација на проектот „**Унапредување на велосипедска патека од с.Звегор до туристички локалитет Илин камен".**

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен Гласник на општина Делчево".

**Бр.07-1487/1**
**01.07.13**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов, с.р.**

# -10-

Врз основа на член 17 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (" Сл. весник на РМ" бр.51/05, 137/07,91/09,124/10, 18/11, 144/12 и 55/13), а во согласност со член 39 и член 40 од Статутот на Општина Делчево (" Сл. гласник на Општина Делчево" бр. 12/ 2006), Советот на Општина Делчево, на својата 4. редовна седница одржана на ден 01.07. 2013 година, донесе

## ОДЛУКА
## за формирање на Партиципативно тело од областа на урбанизмот на Општина Делчево

Член 1

Со оваа Одлук се формира Партиципативно тело од областа на урбанизмот на Општина Делчево, се утврдува неговата надлежност, составот и се избираат претседател и членови.

Член 2

Партиципативното тело се формира со задача да обезбедува стручност и јавност во процесот на просторното и урбанистичкото планирање во Општината и да ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, ги следи состојбите во планирањето преку давање иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија за Општина Делчево.

Член 3

Партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Делчево брои 5 члена и тоа:

1. Горан Петровски, дипломиран архитект, вработен во ЕЛС Делчево, раководител на Одделението за урбанизам, уредување на градежно земјиште и заштита на животна средина-претседател;
2. Игор Жежовски-член на Советот на Општина Делчево-член;
3.Ванчо Цветковски, директор на ЈПКД „Брегалница"-Делчево-член;
4.Ванчо Ѓорѓиевски, дипломиран електроинженер, вработен во ЕВН Македонија-член, КЕЦ Делчево
5.Александар Николовски- ЗГ „Бравура копеартива"-Делчево-член

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во " Сл. гласник на Општина Делчево".

**Бр.07-1488/1**
**01.07. 2013 год.**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов, с.р.**

# -11-

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата Четврта седница, одржана на ден 01.07.2013 година, донесе

## ОДЛУКА
## за финансиска помош

Член 1

Советот на Општина Делчево одобрува исплата на финансиска помош на семејствата на:

1. Фиданчо Јанковски од с. Драмче, во износ од 100.000,00 денари и
2. Симеон и Костадин Димитровски, мв. „Острец", во износ од 30.000,00 денари.

Помошта им се доделува за санирање на штетата настаната од опожарување на нивните семејни куќи.

Член 2

Средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Делчево.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето.

**Број 07-1489/1**
**01.07.2013 год.**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов, с.р.**

## СОДРЖИНА


| Р.бр. | Име на акт | Архивски број | Страна бр. |
|---|---|---|---|
| -1- | Решение за објавување акти од Четврта седница на Советот на Општина Делчево. | **Број 08- 1516/1** | 2 |
| -2- | Заклучок за усвојување на Информацијата од координативниот состанок со субјектите од Системот за управување со кризи од општините Делчево и Македонска Каменица. | **Број 07-1480/1** | 3 |
| -3- | Одлука за доделување на стипендии на ученици прогласени за првенци на генерацијата во општинските училишта. | **Број 07-1481/1** | 4 |
| -4- | Одлука за утврдување на приоритет на проект „Изградба на делница с.Стамер-с.Град-с.Вирче од локален пат Л13. | **Број 07-1482/1** | 5 |
| -5- | Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата. | **Број 07-1483/1** | 6 |
| -6- | Одлука за утврдување на приоритет на проект „Изградба на улици во село Звегор“ | **Број 07-1484/1** | 6, 7 |
| -7- | Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата | **Број 07-1485/1** | 7 |
| -8- | Одлука за утврдување на приоритет на проект Унапредување на велосипедска патека од с.Звегор до туристички локалитет Илин камен“ | **Број 07-1486/1** | 8 |
| -9- | Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата | **Број 07-1487/1** | 8, 9 |
| -10- | Одлука за формирање на Партиципативно тело од областа на урбанизмот на Општина Делчево | **Број 07-1488/1** | 9, 10 |
| -11- | Одлука за финансиска помош | **Број 07-1489/1** | 10 |
| -12- | Содржина | | 11 |